РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Министерство за енергетика,рударство и минерални суровини
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Ministria e Energjisë,Minerave dhe Burimeve Minerale

Бр.Nr 03-1815/1
17 12 2024 год.viti
Скопје-Shkup

Здружение на лиценцирани енергетски контролори ЗЛЕК ДОО
Бр. 03-8
17.12 2024 год
СКОПЈЕ

**Република Северна Македонија**

Министерство за Енергетика, Рударство и Минерални Суровини

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

## ПОМЕЃУ

**1.Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини на Република Северна Македонија претставувано од министерката, Сања Божиновска (во натамошниот текст Министерството) од една страна, и**

**2.Здружението на лиценцирани енергетски контролори на Република Северна Македонија – ЗЛЕК претставувано од претседателката м-р Весна Неделковска (во натамошниот текст Здружението) од друга страна**

Со цел да се поттикне и афирмира енергетската ефикасност во Република Северна Македонија, како и заради унапредување на меѓусебната соработка,

Водени од потребата за меѓусебна соработка заради исполнување на своите заложби и надлежности,

Потврдувајќи го заедничкиот интерес за развој на енергетската ефикасност во Република Северна Македонија, за нејзино афирмирање, поттикнување и унапредување како и за подобрување на законската регулатива која се однесува на енергетската ефикасност,

На 17 декември 2024 година, во Скопје, Страните се договорија за следново:

### Член 1

Министерството и Здружението се согласни заеднички да соработуваат преку стручна, техничка и административна помош заради остварување на следните цели:

1. градење цврста меѓусебна соработка;

2. унапредување на законската регулатива во Република Северна Македонија која се однесува на енергетската ефикасност;

3. афирмирање и поттикнување на енергетската ефикасност во Република Северна Македонија.

**Член 2**

За остварување на дефинираните заеднички целиод членот 1 од овој меморандум за соработка, Министерството и Здружението се согласни да ги реализираат следново:

1. промовирање на заеднички активности;

2. размена на информации поврзани со унапредување на енергетска ефикасност;

3. давање на стручна помош, базирана на искуство и знаењето на стручни лица вработени во фирмите со лиценци за вршење на енергетска контрола од страна на Здружението;

4. ангажирање на стручни лица во подготовката на законски и подзаконски решенија кои се однесуваат на енергетската ефикасност;

5. организирање обуки за потребите на Министерството или други институции, поврзани со енергетската ефикасност;

6. обезбедување на консултански услуги;

7. стручна анализа и помош на конкретни проекти;

8. организирање на настани од интерес на двете страни потписници;

9. взаемно информирање за разни видови соработка како и за постоечки настани, саеми, бизниз-можности и форуми;

10. организирање на трибини, работилници и сл., заради остварување на заедничките цели;

11. проширување на мрежата на соработка со други институции и здруженија;

12. меќусебно информирање за постигнатите резултати поврзани со афирмација на енергетската ефикасност и

13. други активности од заеднички интерес за соработката.

**Член 3**

Соработката од членот 2 од овој Меморандум ќе се остварува врз основа на поединечно доставени барања за секој одделен вид на соработка, со можности за склучување посебни договори со кои ќе се предвидат сите потребни права и обврски преземени од страните потписници.

**Член 4**

Евентуалните финансиски трошоци кои ќе произлезат од секој одделен вид на соработка ќе се регулираат со посебен договор склучен помеѓу страните потписници на овој Меморандум.

**Член 5**

Овој Меморандум се склучува на неопределено време, со право било која од двете страни потписници еднострано да го раскине Меморандумот преку писмено известување до другата страна, во рок од 30 дена од денот предложен за раскинување на Меморандумот.

**Член 6**

Меморандумот се смета за склучен кога ќе се потпише од неговите овластени потписници.

**Член 7**

Овој Меморандум може да се менува и дополнува со писмена согласност помеѓу двете страни потписници.

**Член 8**

Споровите од меѓусебните односи настанати со примена на овој Меморандум ќе се решаваат спогодбено помеѓу страните потписнички на овој Меморандум со постигнување на усогласување на ставови.

### Член 9

Меморандумот не произведува обврска на страните потписнички за меѓусебно финансирање.

### Член 10

Овој Меморандум е составен од 4 (четири) идентични примероци, од кои 2 (два) примероци за Министерството и 2 (два) примероци за Здружението.

**Сања Божиновска**
Министер за енергетика, рударство и минерални суровини

**Весна Неделковска**
Претседател на ЗЛЕК